Врз основа на член 32 став (1) точка 4) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19) и член 97 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.124/15), Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 24 август 2020 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**ЗА ИСПРАВКА НА ЛИЦЕНЦА ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ**
**ТРГОВИЈА СО ПРИРОДЕН ГАС**

1. Се врши исправка на Одлуката за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност трговија со природен гас („Службен весник на Република Македонија“ бр. 200/12 и 45/17) издадена на Друштвото за производство, промет и услуги ТЕ-ТО ГАС ТРЕЈД ДООЕЛ Скопје.

2. Во Прилогот 1, точка 5, датумот до кога важи лиценцата “31 јули 2021 година” се заменува со “31 јули 2022 година”.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а исправката од точка 2 на ова решение ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија.

О б р а з л о ж е н и е

Друштвото за производство, промет и услуги ТЕ-ТО ГАС ТРЕЈД ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул. 515 бр.8, Скопје-Гази Баба, на 12 август 2020 година преку електронска пошта и укажа на Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија за направена техничка грешка во лиценцата за трговија со природен гас (“Службен весник на Република Македонија” бр. 100/12 и 45/17), во Прилог 1, точка 5, датум до кога важи лиценцата. По што се утврди дека на Друштвото за производство, промет и услуги ТЕ-ТО ГАС ТРЕЈД ДООЕЛ Скопје му е издадена лиценца за трговија со природен гас на 31 јули 2012 година со период на важење 10 години, но во датумот на важење наместо 31 јули 2022 година е наведено 31 јули 2021 година.

Регулаторната комисија за енергетика на 24 август 2020 година одржа седница на којашто врз основа на 32 став (1) точка 4) од Законот за енергетика* и член 97 од Законот за општата управна постапка, донесе Решение за исправка на Одлуката за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност трговија со природен гас (“Службен весник на Република Македонија” бр. 100/12 и 45/17) издадена на Друштвото за производство, промет и услуги ТЕ-ТО ГАС ТРЕЈД ДООЕЛ Скопје.

Имајќи го предвид горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение може да се поведе управен спор, во рок од 30 дена од денот на приемот.

**УП1 бр. 11-133/12**
**24 август 2020 година**
**Скопје**

**Претседател на**
**Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги**
**на Република Северна Македонија**
**Марко Бислимоски**